Друштво за трговија и снабдување со електрична енергија РЕС ДООЕЛ Скопје
Булевар Св. Климент Охридски бр. 30 | 1000 Скопје | Република Македонија
ЕМБС: 7497083 | ЕДБ: 4080021596971
Tel: + 389 2 5122860| E-mail: office@res.mk

Врз основа на Член 4 од Правилата за снабдување (Сл. Весник на РСМ бр.111) Друштво за трговија и снабдување на електрична енергија РЕЊУВАБАЛ ЕНЕРЏИ СУПЛАЈ РЕС ДООЕЛ Скопје ги објавува:

# ОПШТИ УСЛОВИ НА ДОГОВОРИТЕ ЗА СНАБДУВАЊЕ СО ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА

Со информации за правата на потрошувачите кој би сакале да склучат Договор за снабдување со електрична енергија како и информации во врска со снабдување со електрична енергија

Со Општите услови би сакале да Ве информираме за најважните прашања поврзани во врска со условите за снабдување со електрична енергија на слободниот пазар на електрична енергија, како и за можностите и поволностите кои ги има секој учесник на слободниот пазар на електрична енергија. Општите услови се применливи за сите Потрошувачи кои ги исполнуваат условите за учество на пазарот.

Снабдувачот ги известува постојните потрошувачи за измените на општите услови и им понудува склучување на нов договор со изменетите услови. Доколку прашањата регулирани со овие Општи услови се регулирани со Договорот за снабдување на поинаков начин, ќе се применуваат одредбите од Договорот за снабдување. Снабдувачот ги објавува општите услови за снабдување на својата веб страница

- **ПРЕДМЕТ**

Договорите за снабдување содржат одредби со кои се регулираат општите услови за снабдувањето, а особено:

1) податоци за договорните страни,

2) предмет на договорот,

3) услугите што ги обезбедува снабдувачот и начин на нивно користење од страна на потрошувачот,

4) количина и динамика на испораката на електрична енергија,

5) датум и време на отпочнување на снабдувањето,

6) временски период за кој се однесува пресметката за потрошената електрична енергија и моќност (во понатамошниот текст: пресметковен период)

7) список на мерни места, дадени како прилог на договорот, како и начинот на измена на списокот без притоа да се менува договорот,

8) преземање на обврска за балансирање на потрошувачот,

9) адреса за доставување на фактурите,

10) услови и начин на плаќање,

11) цена за електричната енергија, односно начин на формирање на цената,

12) обврски на потрошувачот за купување на електрична енергија произведена од обновливи извори за кои се доделува повластена тарифа,

13) обврски на снабдувачот и потрошувачот во случај на снабдување на потрошувачот од повеќе снабдувачи истовремено,

14) начин, рокови и постапка за меѓусебно информирање за состојби и настани, како и промени кај договорните страни кои што влијаат врз исполнувањето на договорните обврски, а особено доколку се однесуваат на промена на цената за електричната енергија,

15) промени во начинот на исполнување на договорните обврски кои што не влијаат врз важењето на договорот (промена на начин на плаќање, промена на адреса за доставување на фактури, промена на бројот и местоположбата на мерните места), како и начинот, роковите и постапката за доставување на известувањата за промените,

16) времетраење на договорот, како и начин и услови за раскинување, или продолжување на постојниот договор,

17) начин на постапување со приговорите на потрошувачите којшто треба да биде во интерес на потрошувачите и кој што треба да биде транспарентен, едноставен и да не предизвикува прекумерни трошоци за потрошувачот,

18) договорни казни и казнена камата, вклучително и надоместок за предвремено раскинување на договор со определено времетраење и фиксна цена,

19) начин и постапка за решавање на спорови спроведена од страна на снабдувачот, која што треба да биде спроведена чесно и без одлагања, по правило во рок не подолг од 60 дена, вклучувајќи и можност за вонсудско решавање на спорови, и

20) постапка за надоместување на штетите и/или компензација на потрошувачите, како и на снабдувачот.

- **ДОГОВОР ЗА СНАБДУВАЊЕ СО ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА**

Општите услови на договорите за снабдување со електрична енергија за мали потрошувачи и домаќинства се составен дел од Договорот за снабдување со електрична енергија и истите ги регулираат правата и обрските помеѓу Снабдувачот и Потрошувачот на електрична енергија.

Договорот за снабдување со електрична енергија е транспарентен, ги регулира правата и обврските на Снабдувачот на електрична енергија и на Потрошувачот на електрична енергија и истиот е во согласност со Законот за енергетика, Правилата за пазар на електрична енергија и Правилата за снабдување со електрична енергија. **Договорот за снабдување ќе се склучи во писмена форма и Потрошувачот има обврска да го достави потпишаниот Договорот до Снабдувачот, заедно со Изјавата. Потрошувачот на електрична енергија кој одлучил да го промени својот снабдувач, започнува постапка за промена на снабдувач со поднесување до новиот снабдувач Барање за промена на снабдувач и Изјава со која потврдува дека бара да биде снабдуван од новиот снабдувач и дека е запознаен со условите за снабдување што ќе бидат содржани во договорот за снабдување.**

Договорот за снабдување се склучува на определено време, во зависност од доставената и прифатена понуда за снабдување и престанува со истекот на времето за кое е склучен.

Договорот за снабдување регулира дали Снабдувачот ќе го вклучи Потрошувачот во својата балансна група, т.е. кој ќе биде одговорен за балансирање на потрошувачката и за правење на прогноза и известување на операторот на пазар дефинирани во Правилата за балансирање на електоенергетскиот систем.

Најавата на потрошувачката на електрична енергија кон операторот на пазарот во име на Потрошувачот, без надомест, ја врши Снабдувачот. Трошоци за балансирање на потрошувачката на Потрошувачот целосно ќе бидат покриени од страна на Снабдувачот и Потрошувачот нема да сноси никакви дополнителни трошоци за балансирањето на својата потрошувачка.

Снабдувачот ќе го зачлени Потрошувачот во својата балансна група без надомест.

Доколку Потрошувачот е вклучен во балансната група на Снабдувачот, неговото учество во балансната група ќе започне не подоцна од почеток на испораката на електричната енергија.

- **МЕРНИ МЕСТА/ПРОМЕНА НА КОРИСНИК**

Мерните места преку кои Снабдувачот ќе го снабдува Потрошувачот со електрична енергија ќе бидат утврдени во Прилог листата на мерни места, истите дадени како прилог на Договорот за снабдување. Потрошувачот задолжително веднаш ќе го извести Снабдувачот за додавање или

бришење на мерни места преку кои тој се снабдува. Секоја измена на Листата на мерни места дадена како прилог на Договорот за снабдување ќе се изврши врз основа на барање поднесено од страна на Потрошувачот, заемна согласност од двете договорни страни и соодветниот оператор на систем.

Мерењето на електричната енергија со која бил снабден потрошувачот ќе го врши Операторот на електродистрибутивниот систем и истиот отчитувањата на мерните уреди ги доставува до Снабдувачот.

Пресметковниот период ќе изнесува еден месец. Изготвената фактура за испорачана електрична енергија се доставува по електронски пат на е-пошта наведена во договорот. Потрошувачот се обврзува факурата да ја плати во рок определен согласно склучениот Договор за снабдување со електрична енергија. Во случај на доцнење на плаќање на фактурата од страна на Потрошувачот, Снабдувачот има право да наплати законска казнена камата.

Снабдувачот на Потрошувачот ќе му издава фактура за потрошената електрична енергија согласно отчитаната состојба на мерното место, во текот на целиот период на снабдување со електрична енергија

Доколку потрошувачот од било која причина не добил фактура за пресметковниот период, истиот е должен да побара копија од истата и не е ослободен од обврската за плаќање.

Снабдувачот има право да ја прекине испораката на електрична енергија во случај на неисполнување на договорните обврски од страна на потрошувачот и неплаќање на фактурите за снабдување со електрична енергија. Потрошувачот е должен да го информира снабдувачот за промена на динамиката на потрошувачката на електрична енергија во услови на несакани хаварии и дефекти, планирани ремонти и планирани редукции во потрошувачката поради колективни годишни одмори и празници.

- **ЦЕНИ/ТРОШОЦИ ЗА БАЛАНСИРАЊЕ/МЕРЕЊА И КОЛИЧИНИ НА ИСПОРАЧАНА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА**

Цените се формираат според моменталните цени на берзите во регионот. Формирањето на цените е во зависност од повеќе фактори кои имаат влијание на понудената цена за електрична енергија, како што се периодот на снабдување како и релевантните берзански цени на електрична енергија, на кои се додаваат дополнителните трошоци (преносен капацитет, балансирање и останати трошоци кои можат да бидат наметнати со закон)

Во понудената цена не се вклучени:

- Надоместокот за користење на пазарот на електрична енергија
- Надоместок за користење на електропреносниот и електродистрибутивниот систем

- Надоместок за употреба на енергија произведена од повластени производители на електрична енергија
- Данок на додадена вредност
- Тарифи за мрежните услуги според категоријата на приклучното место определена од страна на оператоторот и начин на нивна пресметка
- Како и други давачки или надоместоци кои можат да бидат наметнати со закон, а за кои Снабдувачот ќе го информира Потрошувачот благовремено

- **ПОВОЛНОСТИ И БОНУСИ/ НАЧИН НА НИВНО ОСТАВАРУВАЊЕ**

Со склучување на Договор за снабдување со електрична енергија РЕС ДООЕЛ Скопје во зависност од повеќе фактори на пазарот на електрична енергија е во можност да Ви понуди повеќе поволности во зависност од избраниот период на снабдување согласно договорот и истите би се нуделе на секој потрошувач посебно. Со тоа Вашата компанија ги ужива бенефициите да биде снабдувана од страна на РЕС ДООЕЛ Скопје. Нашата компанија благовремено ќе ги информира своите потрошувачи за своите поволности кои ги нуди како и дополнителните попусти и условите под кои можат да се искористат. Потрошувачите остваруваат право на поволностите во однос на цената, доколку навремено ги исполнуваат обврските кои произлегуваат од постојниот договор за снабдување со електрична енергија.

Меѓу поволностите кои му се достапни на потрошувачот се бесплатната промена на корисник на броило, анализа на потрошувачка и препорака за заштеда на електрична енергија.

Потрошувачот кој редовно ги плаќа месечните фактури ги ужива поволностите од страна на снабдувачот во поглед на цената со која ќе биде снабден при склучувањето на годишен договор. Потрошувачот/Производител кој има инсталирано фотонапонска електроцентрала за сопствени потреби, има привилегија вишокот на енергија да му биде откупен од страна на нашата компанија, без притоа да доставува номинации. Цената за откуп на електричната енергија произведена од фотоволтаична централа е формирана на база на пазарни критериуми. Во случај на приклучување уред за складирање на електрична енергија, снабдувачот дополнително нуди услуги и за менаџирање односно управување со системот (операторот на складиште), доколку Потрошувачот избере Снабдувачот да ја врши таа услуга.

- **ОГРАНИЧУВАЊЕ ИЛИ ПРЕКИН НА СНАБДУВАЊЕ СО ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА**

Во случај на појави и настани што претставуваат виша сила (земјотрес, поплава, пожар, јавни немири, демонстарции, воени конфликти, прогласување на енергетска кризна состојба и сл.) или настани на прекин (непланирано намалување или прекин на капацитетот на оптоварување како резултат на технички причини и појави во високонапонските мрежи од изворот на енергија до

местото на испорака), затварање на границите за пренос на електрична енергија со соседните држави,односно настани кои снабдувачот неможе да ги контролира, да ги предвиди или надмине (настани вон контрола на Снабдувачот), Снабдувачот има право да бара од потрошувачот да ја ограничи (намали) или прекине потрошувачката на електричната енергија со цел да се зачува интегритетот и стабилноста на електроенергетскиот систем, согласно Законот за енергетика.

- **ЗАВРШУВАЊЕ И РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ**

Снабдувачот е должен писмено да го извести потрошувачот за намерата за раскинување на договорот за снабдување со електрична енергија со образложување на причините за раскин, мерките и дејствијата кои потрошувачот треба да ги преземе за да не дојде до раскинување во рок не пократок од 15 дена за нивно преземање, последици од раскинувањето како и можноста за промена на снабдувач.

Договорот може да се раскине согласно Правилата за снабдување со електрична енергија и доколку:

- Било која од договорните страни достави допис за раскинување 30 (триесет) дена пред посакуваниот датум на раскинување;
- Врз основа на заедничка писмена согласнот од двете договорни страни;
- Еднострано на барање на Потрошувачот со писмен допис доставен најдоцна 30 (триесет) дена пред посакуваниот датум на раскинување
- Со писмено известување од Снабдувачот со отказен рок од 30 (триесет) дена, во случаи кога Потрошувачот е во задоцнување во однос на своите обврски за плаќање согласно Договорот.

Снабдувачот е должен писмено да го извести потрошувачот за намерата за раскинувањето на договорот за снабдување и можноста за промена на снабдувач со образложување на причините за раскин, мерките и дејствијата кои потрошувачот треба да ги преземе за да не дојде до раскинување, во рок за нивно превземање не пократок од 15 (петнаесет) дена.

**Надоместок за предвремено раскинување на договор со определено времетраење и фиксна цена:** Доколку Потрошувачот го раскине договорот пред истекот на периодот за кој што е склучен, без вина на снабдувачот, Потрошувачот ќе биде должен да му исплати на Снабдувачот договорна казна за неисполнување на договорот, пресметана како позитивната разлика помеѓу договорната фиксна цена и часовната цена на Унгарската берза за електрична енергија објавена на www.hupx.hu, помножено со бројот на месеци кои останале нереализирани од договорениот период.

Пресметката на нереализирана количина по фиксна цена ќе се пресмета како часовен просек од потрошувачката на Потрошувачот по фиксна цена за изминатиот период додека бил дел од балансната група на Снабдувачот.

- **ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИТЕ СТРАНИ**

Снабдувачот испорачува електрична енергија до секое мерно место за време на периодот на испорача, имајќи во предвид дека Снабдувачот не одоговора пред Потрошувачот за било какво попречување во снабдувањето со електрична енергија предизвикано од какво било дело или пропуст на соодветниот оператор на систем.

Снабдувачот ќе ги почитува обврските утврдени во Законот за енергетика, Правилата за снабдување со електрина енергија и Договорот за снабдување со електрична енергија.

Потрошувачот ќе ги почитува обврските утврдени во Законот за енергетика, Правилата за снабдување со електрина енергија и Договорот за снабдување со електрична енергија и овие Општи услови, а особено е одговорен за:

- Навремено и целосно плаќање на фактурите издадени од Снабдувачот на начин наведен во Договорот за снабдување.
- Навремено да го извести Снабдувачот за неговата одлука за продолжување или раскинување на тековниот Договор за снабдување со електрична енергија.
- Навремена достава до Снабудвачот на сите негови детали за контакт и во рок од 30 дена да го извести за било каква промена на истите.
- Навремено да го извести Снабдувачот за неговата одлука за промена на Снабдувачот

Доколку потрошувачот ја откаже прифатената Понуда и не го потпише Договорот за снабдување со електрична енергија без никаква причина или не ја откаже Понудата, но не го потпишува Договорот, тогаш во случај на раскинување на договорот, другата страна има право на надомест. Надомест што е разлика во цената на просечните цени на достапните производите на Hungarian Derivate Energy Exchange (Унгарска Берза за размена размена на деривати на електична енергија во понатамошниот текст HUDEX) за периодот на снабдување што важеле на денот на прифаќање на Понудата и просечните цени достапни на HUDEX за преостанатиот период за снабдување даден во Понудата, помножена со збирот помеѓу количината на испорачана електрична енергија во месецот што му претходи нна месецот во кој е откажана Понудата/раскинат Договорот и бројот на месеците што остануваат до крајот на испораката наведен во Понудата.

- **КОНТАКТ ЗА СНАБДУВАЧОТ (ТЕЛЕФОНСКИ БРОЈ, АДРЕСА ЗА ЕЛЕКТРОНСКА ПОШТА НА СЛУЖБА ЗА ПОДДРШКА НА ПОТРОШУВАЧИТЕ)**

Договорните страни се должни меѓусебно да се информираат по писмен пат за настанатите промени или состојби кои може да имаат влијание врз исполнувањето на договорените обврски. Тука спаѓаат промена на сопственост и барања за промена на снабдувач.

Договорните страни се должни меѓусебно да се информираат по писмен пат и за настанатите промени во начинот на плаќање, адреса за доставување на фактури и промена на мерно место и тоа во рок од 15 дена од настанатата промена.

За меѓусебна комуникација договорните страни ги користат контакт податоците и адресите кои се наведени во договорот за снабдување.

- Контакт податоци за снабдувачот: **РЕЊУВАБАЛ ЕНЕРЏИ СУПЛАЈ РЕС ДООЕЛ Скопје**:

  Адреса: Булевар „Свети Климент Охридски“ бр.30, Скопје

  Mail: office@res.mk

  Тел: +389 2 5122 860

**Снабдувач**

**РЕЊУВАБАЛ ЕНЕРЏИ СУПЛАЈ РЕС ДООЕЛ Скопје**